# ПРЕДЛОГ- ЗАКОН ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБВРСКИ

## Член 1

Со овој закон се уредува пријавувањето и евидентирањето на преземени, а недоспеани обврски и на доспеани, а неплатени обврски, со цел обезбедување и одржување на транспарентноста и отчетноста и јакнење на одговорноста при располагање со јавни средства.

## Член 2

Одредбите од овој закон се однесуваат на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа, установите и институции кои вршат дејности од областа на културата, образованието, здравството, детската, социјалната заштита, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон основани од Република Македонија или единиците на локална самоуправа, како и јавните претпријатија, трговските друштва, заводите, агенции, фондовите и други правни лица чиј основач е Република Македонија или единиците на локалната самоуправа (во понатамошниот текст субјекти).

## Член 3

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Преземени, а недоспеани** обврски се финансиски обврски кои настануваат врз основа на закон односно подзаконски акт или облигационен однос и предизвикуваат идни обврски за плаќање, каде што како должник се јавуваат субјектите.

2. **Доспеани, а неплатени** обврски се финансиски обврски кои не се намирени до утврдениот рок на стасаност на преземената обврска.

**3. Доспеани, а неплатени обврски по основ на враќање на јавни давачки** се финансиски обврски кога враќањето на јавните давачки не е извршено во законски предвидениот рок за враќање од страна на надлежните органи.

4. Доспеани, а неплатени обврски по основ на враќање на јавни давачки за Управата за јавни приходи се финансиските обврски по основ на барањето за враќање кое обврзникот го искажува во даночната пријава на данок на додадена вредност, кои се доспеани, а неплатени во рокот утврден со Законот за данок на додадена вредност.

5. **Транспарентност** во смисла на овој закон подразбира достапност до податоците од извештаите за обврските на субјектите.

6. **Одговорност** во смисла на овој закон подразбира должност на раководното лице на субјектот за целосно, точно и навремено пријавување на обврските.

## Член 4

Пријавувањето и евидентирањето на обврските ќе се врши преку посебен електронски софтвер.
Пријавувањето и евидентирањето на доспеаните, а неплатени обврски на органите надлежни за враќање на јавни давачки ќе се врши по електронски пат на начин и во форма пропишана од страна на Министерот за финансии.

## Член 5

Субјектите се должни на месечна основа преку електронски софтвер до Министерството за финансии да ги пријавуваат обврските најдоцна до 10-ти во месецот, за претходниот месец.
Формата и начинот на пријавување на обврските од страна на субјектите поблиску ги пропишува Министерот за финансии.

## Член 6

Органите надлежни за враќање на јавни давачки се должни на месечна основа по електронски пат до Министерството за финансии да ги пријавуваат доспеаните, а неплатени обврски по основ на враќање на јавни давачки најдоцна до 30-ти во месецот.

## Член 7

Министерството за финансии на квартална основа на веб страната објавува збирни извештаи од евидентираните податоци за пријавените обврски.
Формата и содржината на збирните извештаи поблиску ги пропишува Министерот за финансии.

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 8

Глоба во висина од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице од членот 2 на овој закон, доколку не постапи согласно членовите 5 и 6 од овој закон.

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за дејствието од ставот (1) на овој член.

## Член 9

Доколку е сторен прекршок со неисполнување на обврската од членовите 5 и 6 од овој закон, а сторителот го сторил прекршокот по прв пат во календарската година и доколку сторителот пред донесување на одлуката за прекршок ја исполнил пропишаната обврска односно ги пријавил обврските согласно членот 5 и членот 6 од овој закон, ќе се изрече опомена како прекршочна санкција.

**Член 10**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице од членот 8 се врши согласно Законот за прекршоците.

**Член 11**

Овластен орган за вршење надзор над извршувањето на одредбите од овој закон е финансиската инспекција во јавниот сектор.

**Член 12**

Овластен орган за поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка по однос на прекршоците од член 8 од овој закон е финансиската инспекција во јавниот сектор.

За сторениот прекршок од член 8 на овој закон, финансиските инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за порамнување, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка, согласно Законот за прекршоците.

Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

**Член 13**

За прекршоците предвидени во овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд согласно одредбите од Законот за прекршоците.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 14**

Министерот за финансии во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе ги донесе подзаконските акти предвидени во овој закон.

**Член 15**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.